Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 171/22) **Градоначалникот на Општина Гази Баба**, на ден 06.02.2026 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е3.1 - Депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба на Центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба**, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Гази Баба **www.gazibaba.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е3.1 - Депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба на Центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба**, нема да има влијание врз животната средина, бидејќи, основна цел на овој Урбанистички Проект вон опфат на урбнистички план е да ги дефинира архитектонско-урбанистичките параметри за реализација на планираните градби во рамките на проектниот опфат, да ја дефинира основната класа на намена, како и начините на употреба на земјиштето, а согласно актуелната позитивна законска легислатива од областа на урбанистичкото планирање.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерство за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 28-3/211/8
Од 06.02.2026 год.
Скопје

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бобан Стефковски

Изработил:
Кристина Јовковска Коваленска, диа

Раководител на сектор,
Александар Јанакиески , диа